British Embassy
Skopje

Центар за
Управување со
Промени

Институт за човекови права

# ГРАЃАНИТЕ И НОВИНАРИТЕ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНОСТА ВО МЕДИУМИТЕ



# ГРАЃАНИТЕ И НОВИНАРИТЕ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНОСТА ВО МЕДИУМИТЕ

# ГРАЃАНИТЕ И НОВИНАРИТЕ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНОСТА ВО МЕДИУМИТЕ

**Издавачи:**

Здружение за развој Центар за управување со промени

Здружение на граѓани Институт за човекови права

**За издавачите:**

Неда Малеска Сачмароска

Маргарита Цаца Николовска

**Автори:**

Јасна Бачовска Недиќ

Гоце Пачемски

**Уредници:**

Искра Белчева-Ристовска

Ана Нешовска

**Лектура:**

Ад Вербум

**Дизајн и печатење:**

Бригада дизајн д.о.о.

**Тираж:**

250 примероци (Бесплатен/некомерцијален тираж)

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

316.774(497.7)

БАЧОВСКА Недиќ, Јасна

Граѓаните и новинарите за професионалноста во медиумите / [автори Јасна Бачовска Недиќ, Гоце Пачемски]. - Скопје : Центар за управување со промени, 2017. - 36 стр. : граф. прикази ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамките на проектот: „Истражувачко новинарство чувар на демократијата и човековите права". - Библиографија: стр. 36

ISBN 978-608-4818-24-3

1. Пачемски, Гоце [автор]

а) Медиуми - Траснпарентност - Македонија б) Етика во новинарството - Јавно мислење

COBISS.MK-ID 105319946

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.cup.org.mk и на www.ihr.org.mk

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права" финансиран од страна на Европската Унија и кофинансиран од Британската Амбасада Скопје. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија и на Британската Амбасада Скопје.

British Embassy
Skopje

# ВОВЕД

Оваа публикација е дел од проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ кој е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Британската амбасада во Скопје, а го имплементираат Центарот за управување со промени и Институтот за човекови права.

Генералната цел на овој проект е јакнење на медиумите и граѓанските организации и овозможување на амбиент за остварување на слободата на изразување и медиумскиот интегритет како клучен елемент за понатамошна поддршка на државата во процесот на пристапување кон Европската Унија.

Слободата на изразување е базично право во западната демократија и директно е поврзано со слободата и отвореноста на медиумите, но и нивниот интегритет односно способноста да нудат објективна и аналитичка информација. Во основа на ваквата информација е квалитетното новинарство, особено истражувачкото новинарство како најелитен вид новинарство. Во поновата историја, истражувачкото новинарство често придонесува за соборување влади, апсење политичари, донесување закони, разоткривање грешки во работата на правосудството и слично, а резултатите од ова новинарство скоро секогаш биле оценувани како општествено корисни.

Кај нас години наназад слободата на медиумите е една од областите каде Европската комисија и американскиот Стејт департмент, исто така, констатираат значителни проблеми кои претставуваат пречка на земјата во нејзиниот демократски развој и евроатланско интегрирање. Втора година по ред „Фридом хаус“ ја рангира земјава во групата на „неслободни“[1], особено во сегментот на слободата на медиумите. Тоа е аларм за сите засегнати страни да започнат со реализација на суштински промени во оваа сфера[2].

На развојот на истражувачкото новинарство во земјата се осврнува и експертската група на Европската комисија предводена од Рајнхард Прибе, која во својот втор извештај објавен во септември 2017 година, меѓу позначајните фактори кои имаат влијание на развојот на истражувачкото новинарство во земјата, ги наведува недостатокот на ресурси и специфични новинарски вештини, како и сè уште присутните опструкции од страна на одредени авторитети кои го ограничуваат правото на пристап на граѓаните до навремени и објективни информации од различни извори.

Анализата во оваа публикација треба да даде придонес кон остварување на целта на проектот и тоа во правец на: (1) подобрување на условите за квалитетно и новинарство на кое може да му се верува, а особено создавање услови за истражувачко новинарство и (2) создавање поволна општествена клима и соодветна правна регулатива базирана на директивите и препораките на ЕУ за остварување на слободата на изразување и на медиумите во земјата.

Целта на анализата беше осознавање на гледиштето, односно перцепцијата на јавноста (граѓаните), но и на самите новинари, за состојбите во медиумската сфера и посебно на перспективите за развој на истражувачкото новинарство во нашата земја. За да се добијат релевантните показатели за ваквите состојби беа спроведени две посебни телефонски анкети. Во првата анкета, спроведена во периодот од 30 мај до 9 јуни оваа година, учествуваа 1.203 граѓани, а во втората, која беше реализирана во периодот од 27 јуни до 10 јули 2017, беа анкетирани 163 новинари и тоа во пет града: Скопје, Битола, Кичево, Куманово и Тетово.

[1] Извештај Слободата во светот, 2017: https://freedomhouse.org/report/freedom-world/2017/macedonia.

[2] Состојбите во медиумите и во новинарството во нашата земја се постојано мониторирани од голем број други афирмирани меѓународни организации, како што се: Репортери без граници (Reporters Without Borders – RSF) и South East Europe Media Organisation (SEEMO).

Од анализата на одговорите на граѓаните кои учествуваа во двете анкети произлегоа интересни податоци за нивото на доверба на граѓаните во медиумите, како и за степенот на професионалност и угледот на новинарите во нашето општеството. Анализата ги открива клучните фактори кои имаат влијание врз актуелната состојба на медиумската сцена, но и јасно ги исцртаа неопходните чекори што треба да ги преземат засегнатите субјекти, како што се: новинарските здруженија, академската заедница, граѓанскиот сектор, државните институции и, секако, медиумите и новинарите, за да ја унапредат состојбата во која се наоѓаат самите, како и да создадат реални услови за подинамичен развој на истражувачкото новинарство како чувар на демократијата и човековите права.

# 1. ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА МЕДИУМИТЕ И НОВИНАРСТВОТО

## Општествена рамка за дејствување на медиумите и новинарите во земјата

На 24 декември 2012 година, од гостинската галерија во Собранието, на драматичен начин беа исфрлени новинарите кои известуваа од редовната седница на законодавниот дом посветена на донесување на годишниот државен буџет. Ваквиот преседан, проследен со исфрлањето на пратениците од опозицијата од собраниската сала, го означи почетокот на долготрајната политичката криза во која западна земјата. Овој настан во институцијата која треба да биде „храм на демократијата", стана симбол за тешката состојба со слободата на говорот и на медиумите, како една од приоритетните општествени теми од кои многу зависи демократскиот развој на земјата.

Инаку, корените за тешката состојба во медиумската сфера и во новинарството во земјата почнуваат уште од времето на осамостојувањето на земјата и почетоците на транзицијата. Процесот на трансформација на медиумскиот систем, како дел од целокупната транзиција на општеството, заврши со медиуми чие функционирање и опстанок зависат исклучиво од оние кои имаат пари и политичка моќ. Лошата трансформација особено се почувствува веќе по 2001 година, продолжи со затворањето на првата приватна телевизија „А1" и дневниот весник „Време", а доживеа кулминација со згаснувањето на весниците од групацијата „МПМ", меѓу кои и на првиот приватен дневен весник „Дневник". Најголемиот дел од овие негативни појави во медиумската сфера се случија за време на владеењето на десничарската ВМРО-ДПМНЕ[3]. Контролата над финансиското преживување на медиумите и новинарите ја презема државата, т. е. партијата на власт. Од средства за информирање, медиумите се претворија во средства за економска и политичка промоција, контролирана по пат на купување на рекламниот простор од страна на државата и тоа со дискреционо и нетранспарентно одлучување за доделување на јавните пари. Во годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на земјава во 2014 година се вели дека владиното рекламирање се смета за индиректна државна контрола врз содржината што се произведува во медиумите[4].

## Како се информираат граѓаните за најзначајните општествени случувања во земјата?

Емпириските истражувања покажуваат дека, на глобално ниво, со порастот на интернетот и онлајн новинарството, кај публиката, особено кај младите, опаѓа популарноста на телевизијата. Наспроти овој глобален тренд, во нашата држава, околу 46,7 % од испитаниците во ова истражување се изјасниле дека **информациите за најбитните општествени области, како што се политиката и економијата, граѓаните ги добиваат токму од телевизијата.** Доминацијата на телевизијата како медиум за информирање на граѓаните е потврдена и преку други релевантни истражувања, како што се оние што ги спроведува Меѓународниот

---

[3] Европска комисија: Извештај за напредок за 2013 година, достапен на :https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2013/package/brochures/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia_2013.pdf, Извештај за напредок за 2014 година, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf, Извештај за напредок за 2015 година, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

[4] Европска комисија: Извештај за напредок за 2014 година, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf

републикански институт (IRI)[5] кој во август 2017 регистрирал дека дури 85 % од граѓаните во земјава за најважните вести од политиката се информираат од телевизијата. Исто така, и анализите што ги прави Државната агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ)[6] покажуваат дека телевизијата останува најзначаен медиум за информирање на граѓаните во земјава. На пример, нивната анализата за 2015 година покажува дека 74,9 % од граѓаните за домашните и странските настани секојдневно се информираат од телевизијата.

Но и покрај тоа што најголем дел од испитаниците за важните општествени теми најмногу се информираат преку телевизијата, сепак, интернетот покажува постојана и сигурна тенденција на раст на популарноста. На ваква констатација упатуваат податоците од истражувањето кои покажуваат дека 28,2 % од испитаниците ги преферираат веб-порталите, а 19,1 % ги избрале социјалните мрежи како медиуми за информирање.

**Најмногу информации за политиката, економијата и други битни општествени прашања добивам преку:**




- ТВ дневникот/ вести на Телевизија
- Радио вестите
- Web- порталите
- Социјалните мрежи
- Печатените медиуми (хартиено издание)
- Не знам/Одбива да одговори

Од ова произлегува дека, кумулативно, 47,3 % од испитаниците како примарен извор за информирање го користат интернетот. Истовремено, и ова истражување јасно покажува дека печатените медиуми, односно нивните хартиени изданија ја губат својата популарност како медиуми за информирање за значајните општествени случувања. Имено, **само 3,7 % од испитаниците сè уште се информираат од весниците и периодичните печатени изданија што е поразителен показател и за развојот на истражувачкото новинарство.**

Друг значаен показател за медиумските навики на граѓаните во земјава е и податокот дека мнозинството испитаници (81,7 %) се изјасниле дека, од сите телевизии во земјава, најредовно ги следат националните приватни телевизии („Сител“, „Канал 5“, „Телма“, „Алфа“, „24 Вести“, итн.). Ниско ниво на следење покажуваат онлајн телевизиите (2,7 %), локалните телевизии (0,9 %), телевизиите на етничките заедници (0,7 %), телевизиите од регионот (1,2 %) и светските глобални телевизиски мрежи (5,7 %).

[5] Истражување на јавното мислење, достапно на: http://www.iri.org/sites/default/files/2017-9-18_macedonia_poll.pdf
[6] Анализа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, достапна на: http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_pazarot_na_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_za_2015_godina.pdf

**Кој медиум најредовно го следите:**




- Јавен сервис (МТВ)
- Национални приватни телевизии (Канал 5, Сител, Телма, 24 Вести, Алфа
- On line телевизии и портали (ТВ НОВА и други)
- Локални телевизии (ТВ KISS..)
- Печатените медиуми (хартиено издание)
- Не знам/Одбива да одговори
- Печатените медиуми (хартиено издание)
- Печатените медиуми (хартиено издание)

Тоа што особено загрижува, врз основа на процентите, е фактот дека **кај нас јавниот радиодифузен сервис, од аспект на публика, умира** бидејќи само 3,9 % од граѓаните кои учествуваа во ова истражување се изјасниле дека редовно го следат овој сервис („МРТВ"). Дополнително, само 11 % од граѓаните му веруваат на јавниот сервис, додека процентот на граѓани кои повеќе им веруваат на приватните национални телевизии е далеку поголем (52,2 %). Ваквите резултати само потврдуваат дека нашиот медиумскиот систем отстапува од теркот на европските медиумски системи каде постоењето на силен и независен јавен радиодифузен сервис е една од нивните главни карактеристики и вредности. Во развиените европски држави со долга демократска традиција, генерално, може да се заклучи дека јавните сервиси, во основа, ја следат официјалната државна политика (каков што е примерот на BBC („Би-би-си") во Велика Британија), а не политиката и идеологијата на владејачката партија, каков што е типично за нас.

Во однос, пак, на тоа како граѓанинот го рангира квалитетот и степенот на објективност на информирањето за политиката и политичките случувања, истражувањето покажа дека информативните емисии, ТВ-дневниците или популарно наречени Вести (било да се презентирани на телевизија, радио, весник или информативни портали) имаат највисок кредибилитет, односно **мнозинството испитаници (39, 2 %) веруваат дека најобјективни информации/сознанија се добиваат токму од Вестите.** За 29,4 проценти од испитаниците објективни информации нудат и дебатните емисии, како на пример: „Топ Тема" на „Телма", „360 степени" на „Алсат-М", „Само вистина" на „Канал 5", „Ѕид" на „Алфа". Во овој контекст, релевантен показател за перцепцијата на граѓаните за објективноста на водечките медиуми во земјата може да биде и податокот дека најчесто граѓаните избираат да гледаат Вести на некоја од националните приватни телевизии. Истовремено, само 5,9 % од нив се изјасниле дека гледаат вести на првиот програмски канал на јавниот сервис „МТВ1", а само 0,2 % на вториот програмски канал „МТВ2", што емитува програма на јазиците на националностите, што е уште еден показател за тоа колку е низок угледот на јавниот сервис кај граѓаните.

### Каква е довербата на граѓаните во медиумите и новинарството кај нас?

Ова истражување потврди дека граѓаните имаат пристап до релативно голем број медиуми. Запрашани колку ТВ-станици се достапни или се примаат во нивниот дом, најголем дел од анкетираните граѓани (86,5 %) се изјасниле дека имаат пристап до повеќе од пет телевизии. Овој параметар е еден од важните предуслови за земјата (барем формално) да се брои меѓу државите за кои се вели дека имаат развиени медиумски системи каде на граѓаните им е овозможено да се информираат од поголем број независни и слободни медиуми. Низа компаративни истражувањата потврдуваат[7] дека слободни медиуми и пристапот до поголем број медиуми значат помалку корупција, поголема ефикасност на јавната администрација, повисока политичка стабилност, владеење на правото, како и подобри социјално-економски параметри.
Но и покрај, навидум, големиот број медиуми до кои имаат пристап граѓаните, за што показател е бројот на ТВ-станиците што им се достапни за следење во нивните домови, од ставовите на анкетираните граѓани може да се извлече заклучок дека мнозинството од нив покажуваат **скептичност и резервираност во поглед на објективноста на информативните содржини што се емитуваат преку водечките медиуми во земјата.** Во прилог на оваа констатација говори и податокот дека дури 66,3 % од анкетираните граѓаните сметаат дека медиумите вршат политичка пропаганда. Исто така, најголемиот дел, односно половина од граѓаните (50,6 %) велат дека следат вести (ТВ-дневник) на повеќе од две, а една четвртина од нив (22,2 %) дека следат вести на две телевизии. Истовремено, мнозинството граѓани (вкупно 71,7 %) ги следат ТВ-дневниците на различно ориентирани медиуми (провладини или опозициски), при што 32,6 % од испитаниците се изјасниле дека тоа го прават редовно, а 39,1 % понекогаш.

**Ги следам ТВ дневниците (вестите) на различно ориентирани (провладини, опозициски) медиуми:**




Ваквите податоци можат да се толкуваат и како индикатори за **политизацијата и длабоката поделба во медиумскиот сектор во земјата** (на „ваши“ и „наши“ или на „провладини“ и „опозициски“ медиуми) што е своевидна рефлексија на длабоката поларизација во нашето општество. Можеби и затоа мнозинството граѓани (кумулативно 68 %) се изјасниле дека на дневна основа (39,5 %) или понекогаш (28,5 %) ги проверуваат информациите кои ќе

[7] Пипа Норис, во Comparing Political Communicaton Theories, Cases and Challenges, Frank Esser, Barbara Pfetsch, Cambridge University Press, превод: „Академски печат“, Скопје, 2009: стр. 128.

ги добиваат од медиумите, на пример, преку интерперсонална комуникација со роднини, колеги, пријатели или познаници.

Анкетата јасно покажува дека еден од можните извори на недоверба на граѓаните во медиумите и новинарите произлегува од сомнежите за корупција. **Околу 52,4 % од испитаниците се сигурни дека во медиумите има корупција** или потплатување со цел да се оствари некакво влијание и притисок, како и дека се вршат закани кон новинарите со цел нивно инструментализирање. За 28 % од граѓаните корумпирани се само некои новинари.

**Дали мислите дека постои корупција во медиумите, односно можни начин за потплатување/влијание/закани на медиумите?**




- Да
- Не
- Корумпирани се само некои индивидуални новинари
- Не знам/Одбива да одговори

Во формирањето на довербата на граѓаните во медиумите и новинарите особено значајни се аспектите поврзани со клеветата, навредата и ширењето на говорот на омраза. Имплицитно, дефинирањето на говорот на омраза е содржано во Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на министри на Советот на Европа за „говор на омраза“ од 1997 година[8]. Во Прилогот кон Препораката се истакнува дека терминот „говор на омраза“ треба да се разбере како термин кој ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи: нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло. Покрај директниот говор, говорот на омраза вклучува и многу други форми на изразување како, на пример: јавно користење на навредувачки симболи (на пример, свастика), нивно експлицитно прикажување на паради, протести, јавни обраќања и слично, уништување на верски и национални симболи (знамиња, крстови и сл.), лепење на плакати со навредлива содржина, делење и дисеминација на летоци со таква содржина, ширење на омраза преку ТВ и радија, а, во поново време, и преку интернет и на социјалните мрежи, каде оваа појава добива интензитет. Говорот на омраза и изразите што содржат негови елементи имаат поштетно влијание доколку се шират преку медиумите, односно медиумите се идеално средство за дисеминација на говорот на омраза или создавачи на атмосфера за омраза, што дополнително ја зголемува нивната одговорност во овој домен, како и одговорноста на новинарите.

[8] Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на министри на Советот на Европа за „говор на омраза“, достапна на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec%281997%29020&expmem_EN.asp.

Запрашани **дали новинарите/медиумите во државава шират говор на омраза,** повеќе од половината од граѓаните, 57,9 %, одговориле потврдно, додека 34 % испитаници одговориле дека новинарите/медиумите не шират говор на омраза. Но прашање е дали граѓаните знаат што е говор на омраза и дали можат да го разликуваат, на пример, од клеветата и навредата? Во тој правец им беа понудени искази кои требаше да ги распознаат и да оценат дали тие искази се говор на омраза.
Па така, 59,3 % од анкетираните граѓани го наведуваат исказот „лош Албанец“, а 56 % исказот „валкан Ром“ како говор на омраза.

**Кој од овие искази представува говор на омраза?**




Сепак, околу 48,3 % од граѓаните исказот „тој политичар е корумпиран“ го класифицирале како говор на омраза иако тој, според теоретското и правното дефинирање, не се класифицира како експлицитен говор на омраза.
Од друга страна, многу често медиумите и јавноста кај нас преку „етикетирање“ на избраните функционери и политичарите, од типот „корумпиран“, „нечесен“ и сл., изразуваат легитимен сомнеж и го ставаат „под лупа“ нивното дејствување, со што кај граѓаните се создава погрешна перцепција за висок процент на застапеност на говорот на омраза во нашите медиуми.
Дека доминантното мислење на граѓаните за медиумите и новинарите не е поволно, говорат и следните показатели: На прашањето **дали новинарите/медиумите клеветат** одредени политичари или претставници на бизнис-елитите, половина од граѓаните, 50,4 %, сметаат дека само некои од новинарите го прават тоа, а 29,7 % сметаат дека сите новинари клеветат. Помал процент, 13,7, од граѓаните сметаат дека новинарите не клеветат.

Слични проценти имаме и кога станува збор за **навредата**. Имено, кумулативно, дури 70,6 % од испитаниците сметаат дека во медиумите се користат навреди по политичка, национална, етничка и друга основа. Од овие испитаници, 45,1 % сметаат дека навредуваат само некои новинари, а 25,5 % дека сите навредуваат. Само 24,8 % од испитаниците сметаат дека новинарите односно медиумите не навредуваат.

**Дали новинарите/медиумите во земјава навредуваат по политичка, национална, етничка или друга основа?**




- Да
- Не
- Некои од новинарите тоа го прават
- Не знам/Одбива да одговори

Анализата на резултатите од анкетата покажува и дека дури 82 % од граѓаните мислат дека во домашните медиуми се загрозува, односно **повредува достоинството на личноста.** Од нив, 37,2 % мислат во медиумите често, а 44,8 % само понекогаш се загрозува достоинството на личноста

Во ова истражување тестирани се и ставовите на граѓаните околу тоа дали медиумите во земјава ја почитуваат пресумпцијата на невиност. Таа во нашиот правен поредок е дефинирана како уставна категорија (чл. 13 од Уставот на РМ) која понатаму е разработена и во Законот за кривична постапка (чл. 2 од ЗКП). Таа е дел и од сите основни меѓународни правни акти за правата и слободите на човекот[9].

Обвинетите имаат право на фер судење, без да им биде судено од страна на медиумите. (Crociani and others v. Italy, 1980 22 D.R., 147) Покажувањето на снимки од приведување, објавувањето на идентитетот на осомничен, известувањето за судски случаи (директни снимки од судница) е навистина сензационалистичко и ја зголемува гледаноста. Ова се покажа особено исплатлива техника на јавниот маркетинг со кој се соочивме во државава, а која имаше цел да ја покаже ефикасноста на државата во борба против криминалот, организираниот криминал, корупцијата итн. Но ваквиот начин на известување постојано го кршеше уставното начело на пресумпција на невиноста според кое лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Во таа смисла, во споменатиот случај Кроцијани против Италија, Европскиот суд за човекови права е на мислење дека слободата на печатот може да биде ограничена со обврската

[9] Универзалната декларација за правата на човекот (член 11, ст. 1); Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (член 14, ст. 2), Американската конвенција за правата на човекот (член 8, ст. 2); Европската конвенција за правата на човекот(чл. 6, ст. 2). Посебно внимание на пресумпцијата на невиност обрнува и Европската Унија која ја усвои „Зелената книга за пресумпцијата на невиност" (Green Paperon the Presumption of Innocence COM (2006) 174).

на државата да обезбеди обвинетите да добијат фер судење, без да им биде судено од страна на печатот (Crociani and others v. Italy, 1980 22 D.R., 147). Истиот став, Судот го заземал и во случајот Ходгсон (Hodgson, Woolf Productions and the NUJ v. UK, 1988, 10 E.H.R.R., 503) велејќи дека потребата да се обезбеди правично судење и да се заштити поротата од влијанија може да се смета за важна општествена потреба која, пак, може да го оправда ограничувањето на слободата на печатот од чл. 10 од ЕКЧП, со тоа што тие ограничувања мора да бидат пропорционални.
Советот на честа[10] при Здружението на новинарите (ЗНМ) реагираше за известувањето на повеќе медиуми за судските случаи „Пајажина“ и „Монструм“[11]. Па така, при известувањето за настаните поврзани со случајот „Пајажина“, Советот на честа оценува дека повеќе медиуми не го почитувале правилото за пресумпција на невиност, со објавување на идентитетот на осомничени кои не се лица познати во пошироката јавност, а со таквиот начин на информирање го прекршиле и Кодексот на новинарите. Правилата за известување за осомничени лица предвидува да не се откриваат нивните ликови, а при објавување на телевизиски снимки, ликовите да бидат заштитени (со замаглување). Ова истражување покажува дека за овој проблем (дали новинарите/медиумите кај нас, не ја почитуваат пресумпцијата на невиност) ставовите на граѓаните се поделени. Поголемиот број од нив сметаат (38,4 %) дека новинарите во земјава не ја почитуваат пресумпцијата на невиност, а 36,7 % се изјасниле дека новинарите/медиумите, сепак, ја почитуваат пресумпцијата на невиност. Околу 22,4 % се изјасниле дека не знаат.

## Клучни наоди за перцепцијата на граѓаните

Резултатите од истражувањето недвосмислено покажуваат дека **довербата на граѓаните во нашите медиуми е сериозно разнишана.** Анализата на одговорите на прашалникот ги открива главните причини за ниската довербата на граѓаните во медиумите и новинарството во земјата. Недовербата кон медиумите, главно, произлегува од негативниот имиџ на многу влијателни медиуми (со ретки исклучоци меѓу медиумите кои уживаат доверба кај граѓаните), како и лошото поведение на одредени новинари кои според најголемиот број испитаници:

- се корумпирани (за 52,4 % од граѓаните постои корупција во медиумите, а за 28 % корумпирани се само некои новинари);
- вршат политичка пропаганда (66,3 % од граѓаните мислат дека ова е општа појава во медиумите, а 17,4 % дека тоа го прават само некои медиуми);
- клеветат (50,4 % од граѓаните сметаат дека само некои новинари клеветат, а 29,7 % дека сите медиуми го прават тоа);

10 Советот на честа е единственото саморегулаторно тело на новинарите. Неговата основна задача е да се грижи и да ги промовира етичките принципи, критериумите и стандардите на професионалното и одговорно новинарство наведени во Кодексот на новинарите. Улогата на Советот на честа не е да биде цензура или да наметне автоцензура.

11 Во судскиот процес за случајот „Пајажина“ беа обвинети сопственикот на „А1 Телевизија“, Велија Рамковски, и 22 негови роднини и соработници. Тие, меѓу другото, се товареа за даночно затајување, перење пари, злоупотреба на службени овластувања и оштетување на доверители. Голем дел од обвинетите добија високи затворски казни, од 5 до 13 години. Епилог од процесот кој привлече големо медиумско внимание и предизвика политички турбуленции во земјата, беше и затворањето на првата приватна телевизија во земјата „А1“, како и дневниот весник „Време“.
Судскиот случај „Монструм“ се водеше против седуммина обвинети за тероризам, нелегално поседување оружје и убиство на пет лица кај Смилковското Езеро во 2012 година. На шестмина обвинети судот им изрече доживотна казна затвор, а еден од обвинетите доби ослободителна пресуда.

- шират говор на омраза (57,9 % од испитаниците го поддржуваат ова тврдење);
- навредуваат по разни основи (вкупно 70,6 % од испитаниците мислат дека тоа го прават некои новинари, но и дека тоа е општа појава во медиумското милје во земјата);
- не ја почитуваат пресумпцијата на невиност (голем дел од испитаниците – 38,4 % – сметаат дека новинарите, односно медиумите во земјата го прават тоа);
- прават повреда на достоинството на личноста (вкупно 82 % од граѓаните сметаат дека тоа се прави често или понекогаш).

- Истовремено, мнозинството граѓани (60,4 %) се убедени дека медиумите не можат да влијаат врз формирањето на нивните ставови и одлуки за кого ќе гласаат. Најголемиот број од нив (52 %) дури и не очекуваат од медиумите и новинарите да ги откриваат причините за одредени проблеми и да понудат решенија, туку само да информираат за нив.Ова, исто така, е сериозен индикатор на недовербата на граѓаните кон медиумите и новинарството во земјата.

- Степенот на недовербата на граѓаните во медиумите е резултат и на **политизацијата и длабоката поделба во медиумскиот сектор во земјата** на „провладини“ и „опозициски“ медиуми, што е своевидна рефлексија на длабоката политичка поларизација во општеството. Поради многубројните причини кои создаваат недоверба на граѓаните во медиумите, граѓаните имаат јасна потреба редовно или понекогаш да ги проверуваат информациите што ги добиваат од медиухмите.

- **Покрај, генерално, ниската доверба во медиумите, мнозинството граѓани (79,8 %) веруваат дека медиумите можат да бидат моќен катализатор за општествените промени** и дека новинарската работа и истражувањата имаат суштинско значење за функционирањето на демократијата.

**Дали сметате дека новинарската работа во нашата држава е суштинска за политичка партиципација на граѓанинот и функционирањето на општеството?**




**На медиумите и на новинарите, генерално, им се препишува и изразено активна контролно-критичка улога,** односно дека новинарските истражувања придонесуваат да се

откријат бројни скандали, корупција и различни облици на непотизам. Според тоа, на пример, дека медиумите и новинарите имаат моќ и придонесуваат за откривање на неправилностите во системот мислат дури 80,3 % од испитаниците. Овој процент, од страна на медиумите, новинарите и нивните асоцијации може и треба да се толкува како можност која треба да се искористи за градење на довербата во јавноста кон новинарите и медиумите.

- **Резултатите од ова истражување потврдија дека јавниот сервис има исклучително ниска гледаност и доверба кај граѓаните.** Ако се земе предвид дека најголемиот број граѓани за најбитните општествени теми се информираат од вестите на телевизијата (ТВ-дневниците), тогаш податокот за нискиот рејтинг на програмските сервиси на Македонската радио телевизија треба да се сфати многу сериозно, затоа што со ваков јавен сервис очигледно е дека во земјава не постои влијателен јавен медиум преку кој граѓаните на објективен начин ќе се информираат за официјалната државна политика.

## 2. ПЕРЦЕПЦИЈА НА НОВИНАРИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ПРОФЕСИЈАТА

### Состојбата и општествениот статус на новинарската професија

Кај нас новинарството, генерално, е нерегулирана професија, како и во повеќето европски земји. Кај нас не постојат критериуми за влез во професијата, каков што е случајот со некои други професии (лекари, адвокати, архитекти...). Доминантен е впечатокот дека во медиумите во државата важи правилото дека секој може да биде новинар, дури и без формални критериуми за нивото и видот на образованието. Интересен е фактот што мнозинството од новинарите кои беа анкетирани во рамките на ова истражување сметаат дека оваа состојба треба да се измени. Имено, запрашани дали сметаат дека за влез во професијата „новинар" потребно е да се воведе некаков критериум, 73 % од новинарите одговориле позитивно, додека само 17,8 % одговориле дека не треба да се воведе критериум за влез во оваа професија. На прашањето кој критериум треба да се воведе за влез во професијата, скоро половина (47,1 %) одговориле дека тоа треба да биде специфична диплома за новинар, а 39,5 % како критериум ја посочуваат дипломата од високо образование, додека една третина од нив (33,6 %) ја посочуваат лиценцата како критериум.

Ваквите ставови на новинарите кај нас укажуваат дека фелата е самосвесна за кризата во професионализмот. Но проблемот со професионализмот во новинарството е глобален проблем бидејќи онлајн медиумите изродија нови форми на новинарство како, на пример: блогерството, мобилното новинарство, граѓанското новинарство, новинарство за портали итн., каде што секој може да биде новинар без претходно искуство и знаење. Ова особено е типично за новинарството во Европа која го подржува ставот за новинарство како отворена (нерегулирана) професија. Но, во последно време, кога сè повеќе се зборува за лажни вести, прекугранична манипулација со јавното мислење, поствистина, повторно се отвора прашањето за одговорноста и професионализмот на оние кои се декларираат како новинари.

Што е однесува на новинарството во традиционалните медиуми (телевизија, радио, печат) кои, исто така, минаа низ процесите на конвергенција и извесна дерегулација т. е. и тие сега живеат во „онлајн форма", **може да се забележи тенденцијата дека сè повеќе новинари во овие медиуми влегуваат со соодветна диплома.** Во поголема или помала мера, новинарските училишта[12] на глобално ниво имаат традиционален пристап кон новинарското образование кој подразбира генерално новинарско знаење и тренинзи за новинарските вештини.

[12] Терминот училиште е генерално прифатен како термин, односно име кое означува институција или дел од таа институција (на пример: факултет, оддел, колеџ, дивизија).

### Кадровската политика на медиумите (вработување на новинари) е базирана на: НАЈВАЖЕН ФАКТОР




- Стручните квалификации и персоналните карактеристики (способности)
- Партиската припадност
- Политичка подобност
- Персоналните врски или лобирања
- Не знам/БО

Друг особено интересен показател за состојбата на новинарската професија во земјата може да се извлече преку вкрстување на одговорите на анкетираните новинари на прашањата поврзани со кадровската политика во домашните медиуми. Имено, иако „политичката подобност" е рангирана дури како трет најважен фактор за кадровската политика на медиумите (вработување на новинари), сепак, за најголемиот број новинари (47,2 %) медиумот каде што работат е во согласност со нивните интимни политички ставови. Ова јасно ја потврдува тенденцијата дека новинарите се склони да се вработуваат во медиуми чијашто политичка ориентација одговара на нивните ставови што е еден од модалитетите и причините за појава на автоцензура во текот на новинарската работа. Ова е глобален феномен и проблем на демократијата и не е типично само кај нас. Имено, во критичките теории (Ноам Чомски, на пример) се тематизира концептот изнудување на согласност кога новинарот кој е вработен во финансиски моќната медиумска компанија мора да го поддржува ставот на главната уредувачка линија и сопственикот на медиумот. Главниот уредник на њујоршкиот весник Тајмс, Реј Кејв, во 1984 година отворено призна дека „Иако во Тајмс работат луѓе со најразлични убедувања, тие во однос на темата што ја пишуваат мораат да го почитуваат ставот на весникот. Ако ставот на авторот на текстот не е идентичен со ставот на Тајмс, тој текст не може да влезе во весникот".

**Општествениот статус на новинарот во земјава е низок.** За тоа се свесни и самите новинари. Имено, дури 71,2 % од нив сметаат дека новинарите во земјава имаат низок углед. Само 3,7 % се убедени во спротивното. Макс Вебер[13] уште на самите почетоци на новинарството, оваа ситуација ја објаснува со тезата дека јавноста очигледно ја цени професијата според „успесите" на најлошите, а не на најдобрите новинари. Како фактори кои значително се одразуваат врз статусот и вреднувањето на новинарската професија во општествени рамки, во научната литература се издвојуваат: корупцијата, организацијата на медиумскиот систем (особено медиумското законодавство) и (не)образованоста и (не)професионализмот на одредени новинари.

[13] Во „Политика како професија" Вебер вели: „Новинарот припаѓа на еден вид аутсајдери кои во општеството постојано се вреднуваат според нивните најдолни етички претставници". Вебер, сепак, смета дека самоуверениот, врвен новинар, како поединец може да ужива многу поголемо уважување и углед отколку еден лекар, но професионалниот престиж на новинарите никогаш нема да го достигне оној на лекарите.

Во делот на корупцијата, фрапантен е податокот дека 89,6 % од новинарите убедени се дека има корумпирани новинари во државата. Според 36,9 % од анкетираните новинари

**За нискиот углед на новинарите причините ги гледам во:**




- Организација на медиумскиот систем (медиумското законодавство)
- Необразованоста на новинарите
- Корумпираноста на новинарите
- Не знам/БО

**токму корупцијата меѓу новинарите е главната причина за нискиот углед на новинарската професија во земјата.** За 30,6 % од испитаниците како втора значајна причина за нискиот општествен углед на новинарството е организацијата на медиумскиот систем, особено нашето медиумско законодавство.
И покрај овие податоци, 76,7 % од анкетираните новинари се на мислење дека граѓаните, сепак, имаат делумна доверба во нивната работа. Ваквиот оптимизам кај најголемиот број новинари најверојатно се должи на нивното уверување дека за лошата слика за новинарството во јавноста сепак се виновни поединци, а не целата фела.
Иако резултатите од ова истражување покажаа дека перцепцијата на мнозинството граѓани во земјава е дека клеветата, навредата, говорот на омраза, повредата на достоинството на личноста, непочитувањето на пресумпцијата на невиност и политичката пропаганда се распространети појави во медиумите, 87,1 % од новинарите се изјасниле дека против нив не е поведена постапка за клевета, навреда или говор на омраза. Ваквиот одговор на новинарите отвора дилеми: прво, дали појавите како клевета, навреда и говор на омраза не се широко распространети и типични за нашето новинарство и, второ, дали граѓаните имаат низок степен на правна култура, односно недоверба во судството, па не ги процесираат ваквите случаи. Секако, овие прашања заслужуваат натамошно внимание и истражувања.
Исто така, се наметнува и прашањето дали некои од грешките што ги прават новинарите во поглед на споменатите појави на клевета, навреда и говор на омраза можат да се прават и поради непознавање на проблематиката и правната регулација. Затоа новинарите кои учествуваа во ова истражување беа запрашани и за тоа дали се запознаени со законската регулатива која ја дефинира новинарската работа. Добиените резултатите од анкетата јасно покажуваат дека анкетираните новинари сметаат дека целосно (54,6 %) или делумно (38,7 %) се запознаени со законската регулатива која ја дефинира новинарската работа. Сепак, кај 55,8 % од испитаниците преовладува мислењето дека домашната законска регулатива не одговара на потребите на истражувачкото новинарство.

**Постојат ли притисоци и закани врз новинарите и како се заштитени интереситена професијата во земјата?**

Ова истражување покажа дека мнозинството анкетирани новинари (52,8 %) се изјасниле дека тие лично не се соочиле со притисок или закана од својот работодавец/медиум или од друга засегната страна. Само 28,8 % одговориле позитивно на ова прашање. Сосема спротивно е мислењето за притисоците и заканите врз новинарите кои се занимаваат со истражувачко новинарство. Имено, 64,4 % од анкетираните сметаат дека тие новинари се соочуваат со притисоци и закани.

### Дали новинарите кои се занимаваат со истражувачко новинарство се соочени со притисоци и закани?




- Да
- Не
- Делумно
- Не знам/БО

Од ваквите ставови произлегува заклучокот дека **најголемиот број новинари истражувачкото новинарство го перципираат како поризично во однос на класичното.**
Со оглед на сè поголемиот број јавно презентирани случаи во кои новинари беа соочени со напади и судски постапки во последните неколку години, малку збунувачки изгледа податокот дека најголемиот процент од анкетираните новинари (42,9 %) немале одговор на прашањето дали можат да се сетат на име на некој новинар кој бил жртва на својата работа кај нас или регионот. Само една третина од нив (32,5 %) изјавиле дека можат, додека скоро една четвртина (25,5 %) не можат да се сетат на име на некој нивни колега кој поради својата работа бил цел на напади и прогон. Сепак, од новинарите кои се сетиле на име на некој новинар кој бил жртва на својата работа, мнозинството од нив (87,2 %) одговориле дека се сетиле на Томислав Кежаровски.

**Можете ли да се сетите на име на некој новинар кој бил „жртва на својата работа“ во нашата држава или регионот?**




- Да
- Не
- Без одговор

Ваквиот резултат не е изненадувачки, со оглед на тоа што судскиот процес против новинарот Кежаровски привлече големо внимание во јавноста, предизвика политички турбуленции и протести на неколку граѓански организации и беше издвоен во извештаите на ЕК како пример за политички притисок врз медиумите и новинарите.
Синдикалното и професионалното здружување е екстремно битен фактор за интегритетот на една професија и нејзиниот кредибилитет во општеството. Нивото на „еснафската“ интегрираност е гарант за повисока деловна етика, поголем кредибилитет, како и повисок општествен статус на една професија. Долготрајната политичката криза имаше реперкусии и во оваа сфера. Се разнебити еснафското јадро, се формираа професионални новинарски здруженија на политичка основа, впрочем, како и во други општествени области во земјава каде се формираа паралелни асоцијации што е крајно спротивно на професионализацијата.
Резултатите од ова истражување покажуваат дека 42,9 % од анкетирани новинари воопшто, а 39,3 % само делумно се чувствуваат заштитени од синдикалните организации на новинарите во државава. Ваквиот одговор ја потврдува констатацијата дека кај нас **на општо ниво, но и на ниво на новинарска професија, постои криза на синдикалното организирање. Истовремено, многу е висок и процентот на новинари кои не се членови на ниедно професионално здружение.** Имено, скоро изедначена е дистрибуцијата на одговори од новинарите кои кажале дека се членови (50,3 %) и на оние кои кажале дека не се членови (49,7 %) на ниту едно професионално новинарско здружение во земјава.

Главна причина за високиот процент на новинари кои не се членови на новинарско здружение најверојатно е тоа што новинарите сметаат дека овие здруженија воопшто не си ја вршат својата работа и не дејствуваат проактивно во решавањето на битните проблеми, прашањата, информациите и можностите во професијата. Имено, од вкупниот број анкетирани новинари, 44,2 % се изјасниле дека не се доволно сензитивизирани од професионалните новинарски здруженија, додека 22,7 % одговориле дека новинарските здруженија доволно прават како за своите сегашни така и за потенцијалните членови.
Еден од индикаторите за тоа дека постои хронична недоверба на новинарите кон професионалните здруженија се гледа и во одговорите поврзани со можната политизација на ваквите здруженија. Мислењето на 28,8 % од новинарите е дека професионалните здруженија на новинарите во земјата се политизирани, додека само една осмина од новинарите (12,9 %) сметаат дека професионалните здруженија на новинари не се политизирани .

## Професионалните здруженија на новинари се:




Но податокот што најголемиот број новинари (58,3 %) немаат став по ова прашање упатува на заклучокот дека најголемиот број новинари воопшто не ги перципираат еснафските здруженија како релевантен фактор од чие дејствување професијата и тие самите би имале некаква полза.
Исто така, мнозинството новинари (87,7 %) не гледа полза и од членувањето во некоја меѓународна новинарска асоцијација иако ваквите организации како што се: Меѓународната федерација на новинарите[14], Меѓународниот институт за печат и Меѓународната асоцијација на издавачите, нудат многу можности за заштита и унапредување на професијата на индивидуално ниво (преку грантови, стипендии, обуки и слично), како и со соодветни акции и извештаи го свртуваат вниманието на јавноста за одредени проблеми, како што се медиумска инструментализација, (не)транспарентноста на институциите и нивото на корупција во земјите. Во ова тие се подржани од граѓанските организации кои се специјализирани за слобода на печатот и медиумите како што е организацијата „Репортери без граници“ и невладините организации на коишто како поле на интерес и работа се општите човекови права како Amnesty International, International Council on Human Rights Policy итн.

[14] ЗНМ е членка на Меѓународната федерација на новинарите.

## Клучни наоди за перцепцијата на новинарите

- **Доминантен е впечатокот дека во медиумите во државата важи правилото дека секој може да биде новинар.** Излезот од оваа неповолна состојба, мнозинството новинари го гледаат во воведувањето дополнителни критериуми за влез во професијата „новинар“ во земјава, но истовремено се поделени во мислењето какви треба да бидат тие.

- Недовербата на голем број граѓани кон медиумите и новинарската работа има одраз и врз угледот на професијата, и е факт кој го чувствуваат и самите новинари. Околу 71,2 % од новинарите сметаат дека нивниот углед во земјава е низок, а само 2,5 % од новинарите сметаат дека граѓаните имаат целосна доверба во нивната работа. **Причините за нивниот низок професионален углед ги лоцираат во корумпираноста на поедини новинари и лошото медиумско законодавство.**

- Од изјаснувањето на анкетираните новинари на прашањето за можните притисоци и закани врз нивната новинарска работа, може да се извлече заклучок дека **доминантна перцепција во фелата е дека истражувачкото новинарство е поризично од класично или конвенционалното новинарство.**

- **Синдикалното и еснафското здружување на новинарите во земјата е во сериозна криза.** Само 9,8 % од новинарите се чувствуваат заштитени од синдикални организации на новинарите, а половина од нив (49,7 %) не членуваат во ниедно од домашните здруженија на новинари затоа што не се запознаени со корист од нив. Дури 87,7 % не се членови ниту на некоја меѓународна новинарска асоцијација.

- Ваквите податоци упатуваат на потребата од засилено дејствување на синдикатите и еснафските здруженија за поголемо вклучување и активна партиципација на новинарите и медиумските работници во нивната работа и дејствување во насока на заштита на новинарската професија и јакнењето на нејзиниот углед, местото и улогата во општеството.

# 3. ПЕРСПЕКТИВИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТРАЖУВАЧКОТО НОВИНАРСТВО И НОВИНАРСТВОТО ШТО НУДИ РЕШЕНИЈА

**Што е истражувачко новинарство и по што се разликува од класичното?**

Постои јасна теоретска дефиниција која прави разлика помеѓу т.н. класично и истражувачкото новинарство. Во основа на секое новинарство е истражувањето, но секое новинарство не е истражувачко новинарство. Разликата која ја прави теоријата и практично функционира, се состои во следново: длабочината и ширината на истражувањето; работата во тимови; специјализацијата на новинарите со длабински познавања на проблемот; истражувачката работа да е дело на новинар, а не на друг професионален истражувач, како и тоа тематскиот приод да е суштинска карактеристика на истражувачкото новинарство.
Длабочината и широчината на истражувањето – Истражувачкото новинарство значи темелно и долготрајно истражување на чие располагање им стои цел репортерски тим. Најчесто, целта е да се открие скандал. Во САД тоа е веќе традиционално, таму е вообичаено сите дневни весници да го објавуваат „извештајот на истражувачот“. За разлика, во Германија, истражувањето најчесто е застапено во специјалните емисии: магазини и некои политички емисии на јавните медиуми“.[15]
Темата на обработка – Во најчесто цитираните дефиниции за истражувачкото новинарство се потенцира дека темата на обработка е негова суштинска карактеристика. Темата треба да е важна за заедницата, да е тајна, односно да постои намера да се сокрие и да е особено интересна, но и од значење за публиката[16]. Значи, целта не е изолиран случај, туку системски проблеми и ситуации од витално значење[17]. Всушност, приоритет на истражувачкото новинарство се патолошките општествени појави како криминал, малверзации, корупција, политички и економски скандали итн. Станува збор за широко истражување кое оди чекор повеќе од лесно достапните факти и податоци. За развој на истражувачкото новинарство неопходни се одредени услови: време, финансиски средства, простор во медиумот (весник, телевизија, радио), добро обучени новинари, благонаклонети сопственици на медиумите и ангажирани уредници.
Истражува новинарот, не некој друг – Тоа што му дава идентитет на истражувачкото новинарство е неопходноста истражувањето да е дело на новинар, а не на друг истражувач (експерт, научник, полицаец, детектив). Ваквиот вид новинарство бара напорна работа на терен од страна на новинарот, водење разговори низ интервјуа со сведоци или актери во одредени настани, консултации со експерти, барање податоци во архиви или други извори, честопати и водење тајни разговори итн. Се смета дека денешните новинари истражувачи водат потекло од новинарите на Пулицер и Херст од крајот на 19. век. Пулицер својата работа ја засновал на борбата против корупцијата и поддршка на напредните сили во општеството, нарекувајќи ја со терминот muckrakingjournalism[18].
Истражувачки тим – Често станува збор за големи истражувања кои претпоставуваат постоење на тимови (постојан тим или ад хок формиран, работа во пар или под раководство на главниот уредник.[19]

[15] Štefan Rus Mol, Ana Jugoslava Zagorac Keršer, Novinarstvo, Clio, 2005, стр. 130.
[16] R. Keeble, The Newspaper Handbook , Routlege London and New York, 1994, стр. 320.
[17] Fleeson L., Ten Steps to Investigative Reporting , International Centar for Journalists, Washington D.C., 2000, стр. 6.
[18] Muckraking е термин кој се однесува на новинарите кои ги користеле весниците за борба против неправдата, за изложување злоупотреби и за пренесување информации до јавноста кои се однесуваат на лошо владеење.
[19] Sunday Times беше првиот британски весник кој во 60-тите години на 20. век ангажираше тим од репортери кои дејствуваа синхронизирано со цел да спроведат големо длабинско истражување за штетното дејство на лекот „талидомит“ што беше причината за раѓање на деца со оштетувања. Нивниот извештај освоил бројни награди за истражувачко новинарство.

**Дали во државата постои вистинско истражувачко новинарство или само изолирани случаи на истражување со странска поддршка?**

Пред да се прикажат резултатите од анкетирањето во чиј фокус беше истражувачкото новинарство кај нас, мораме да го имаме предвид фактот дека од вкупно 163 новинари кои беа анкетирани во рамки на истражувањето, дури 130 се телевизиски новинари, а телевизијата како медиум не е најсоодветен за истражувачко новинарство. Телевизијата функционира на принципот now this[20] („сега ова") односно најкратка новинарска форма на изразување со видеогенетички квалитети и потенцијал да привлече што поголем број гледачи. Информативните емисии – вестите на телевизијата, не се погоден простор за овој тип новинарство, заради преголемата обилност на информациите и ограниченото времетраење. Истражувачкото, интерпретативното новинарство или новинарството кое нуди решенија (solution journalism) на телевизијата може да се развива единствено во специјални емисии на информативната програма посветени на една актуелна тема. Станува збор за исклучително скапи проекти во кои учествуваат цели тимови од специјално обучени истражувачи, новинари специјалисти, сценаристи, уредник и водител. За ваков тип интерпретативно телевизиско новинарство потребни се определени предуслови како, на пример, телевизиска куќа која ќе е спремна да дозволи да се говори за најчувствителните општествени прашања, адекватен термин, време за истражување, тимска работа и, секако, пари. Друг тип на форма во која може да се развива истражувачко новинарство на телевизија е драматизиран документарец[21] што претставува моќен спој на факти и авторска креативност, резултат на длабинското истражувачко новинарство.

Наспроти поразителната состојба со нашите печатени медиуми, на глобално ниво се зборува за „трет бран" на отворање на печатот (кон крајот на 20. и почетокот на 21. век)што кореспондира со појавата на интернетот. Весниците и понатаму (дури и повеќе) се читаат, но овој пат на интернет. Имено, две спротивни тенденции го обележуваат глобалниот развој на современите весници: додека бројот на печатените медиуми се намалува, бројот на читателите и натаму расте. Глобално, бројот на читателите на квалитетните весници во развиените индустриски земји не е загрозен[22].

[20] N. Postman, Amusing Oureselves to Death: Public discourse in the age of show Bussiness, New York, Viking Penguin, 1985, 100.

[21] Оваа форма кај публиката има постигнато голем успех. Но овој жанр, исто така, се смета за хибриден и секогаш се поставува прашањето за неговата објективност. Зад драматизираниот документарец стои работа со месеци, па и со години.

[22] I. Herbert, Practising Global Journalism, Focal Press, Oxford, Aukland, Boston, Johanesburg, Mellburn, New Deli, 2001, VII.

Резултатите од нашата анкета покажуваат дека **мнозинството новинари (71,2 %) во земјава се изјасниле дека прават разлика меѓу истражувачкото и конвенционалното новинарство.**

## Дали го издвојувате истражувачкото новинарство од конвенционалното новинарство?




Сепак, и покрај тоа што прават разлика меѓу истражувачкото и конвенционално новинарство, само 10,4 % од анкетираните новинари одговориле дека главна работа им е истражувањето наспроти 39,3 % од новинарите кои рекле дека известуваат, а 29,4 % дале одговор дека пренесуваат информации, додека една шестина од новинарите (17,8 %) одговориле дека ги презентираат аргументите на сите засегнати страни. Посочените три форми дефинитивно спаѓаат во доменот на класичното новинарство.

## Дали во Вашата ГЛАВНА новинарска работа најмногу:




**Наспроти светските искуства, во нашата држава истражувачкото новинарство не се практикува како тимска работа.** Имено, повеќе од половина од нашите новинари (55,2 %) не биле дел од новинарски истражувачки тим, додека 36,2 % биле дел од ваков тим. Само 4,9 % од новинарите биле дел од новинарски меѓународен тим.

Низа весници ширум светот, како што се списанијата Newsweek[23], LExpress[24], Der Spiegel[25] и Economist[26] ангажираат новинари специјалисти чии текстови се базираат врз длабински истражувања и користат податоци од специјализирани институции и документација, архиви, библиотеки, организации за истражување на јавното мнение, услуги на телеграфски агенции и сл. Користат интервјуа на што поголем број соговорници, актери, очевидци, експерти. Во нашата земја, специјализацијата на новинарите за одредени потесни области и теми е скромно застапена. Имено, ова истражување покажа дека мнозинството од новинарите (76,7 %) не се специјализирани за тематско известување/пишување и истражување во одредена област.

За едно квалитетно истражувачко новинарство потребни се високопрофесионални стандарди при истражувањето, затоа за развивање и подржување на овој тип новинарство од круцијално значење е: едукација, истражувачки проекти, помош на редакциите, вмрежување и поврзување на новинарите, соработка со организациите и мрежите на истражувачките новинари и објавување публикации. Едукативната активност, пред сè, треба да биде насочена кон младите новинари кои немаат можност со редовна работа во редакциите да стекнат основни и напредни знаења за истражувачките техники, туку како највисок облик на новинарството им се пласираат сензационалистичките и таблоидните техники. Новинарите низ серија работилници се обучуваат за истражувачките методологии и техники, техниките на пристап до информации од јавно значење, новинарската етика, правните аспекти на новинарството, за значајноста на информатичките познавања итн.

Во земјава, мнозинството новинари (81 %) се изјасниле дека не користеле соодветни стипендии за усовршување, додека само околу една петтина (19 %) одговориле позитивно на ова прашање. Од малкуте новинари кои, сепак, користеле стипендии за усовршување, скоро една третина (32,3 %) ги користеле во друга држава, а една петтина (19,4 %) ги користеле од меѓународни невладини организации, додека одговорите на новинарите кои кажале дека стипендиите ги користеле од државата (12,9 %) и невладините организации (12,9 %) е еднакво дистрибуиран.

**Ако сте користеле стипендии за усовршување наведете од кого:**




[23] http://www.newsweek.com/
[24] http://www.lexpress.fr/
[25] http://www.spiegel.de/
[26] https://www.economist.com/

Ова е јасен показател за тоа дека **најголема поддршка за развојот на истражувачкото новинарство во земјава доаѓа од странство.**

Во сите поголеми редакции на светот во рамките на самиот медиум постојат посебни одделенија кои се занимаваат со истражувачко новинарство. Тие се составени од новинари кои одлично ја познаваат областа која се истражува, имаат соодветно новинарско искуство и знаење, како и солидна финансиска стимулација. Се чини дека токму последното претставува една од најголемите пречки за развојот на ваквиот вид новинарство во земјава. Имено, мнозинството новинари (92 %) сметаат дека новинарската работа во земјава воопшто не е добро платена работа.

**Новинарите во земјава немаат време и средства и други ресурси за практикување на истражувачкото новинарство односно немаат редакциска поддршка за овој тип новинарство.** Некогаш проблемот е уште поголем: медиумите немаат идеи и знаење за подлабоко занимавање со некој проблем. Тука повторно се виновни сопствениците и менаџерите во медиумите бидејќи, генерално, владее идејата дека истражувачкото новинарство не е исплатливо. Ова го демантира искуството на западните медиуми, но и очекувањата на публиката.

Во нашата држава нема медиум кој има одделение за истражувачко новинарство. Медиумите прилично малку се занимаваат со теми кои не се на врвот на некоја политичка агенда. Причините за таков вид медиумска затвореност треба да се бараат во интересите на сопствениците на медиумите, стандардниот – директен политички притисок, како и сè поголемото влијание на огласувачите врз медиумите. Прашањето за транспарентноста на сопственоста над медиумите, пред сè, суштинскиот, а не формалниот сопственик е од големо значење за истражувачкото новинарство. Неопходна е законска регулација на сопственичката структура над медиумите која ќе обезбеди транспарентност за сопственоста над медиумите и спречување на медиумската концентрација. Јавноста мора да има право да формира мислење за вредноста на информациите кои медиумите ги пласираат врз основа на увидот во нивната сопственичка структура и сознанија за лицата кои по друга основа можат да влијаат на уредувачката политика.

И покрај ваквата ситуација во земјава, истражувањето покажа дека **најголемиот дел од анкетираните новинари (68,1 %) сметаат дека медиумите во земјава подржуваат истражувачко новинарство,** додека само една осмина од новинарите (12,9 %) сметаат дека домашните медиуми не го подржуваат истражувачкото новинарство.

**Дали медиумите во земјава подржуваат истражувачко новинарство:**



Запрашани дали медиумот во кој работат поддржува/бара од новинарите да се занимаваат со истражувачко новинарство, 60,7 % од новинарите одговориле позитивно, додека повеќе од една четвртина (26,4 %) одговориле дека медиумот во кој работат не бара од новинарите да се занимаваат со истражувачко новинарство.

**Дали медиумот во кој работите поддржува/ бара од новинарите да се занимаваат со истражувачко новинарство?**



Во некои земји од регионот на Југоисточна Европа постојат посебни центри за истражувачко новинарство[27] кои даваат организациона, едукативна и техничка поддршка на репортерите и уредниците кои работат на истражувачки стории. Обврска на новинарските и медиумските организации е да поттикнуваат на одговорно, сериозно и истражувачко новинарство.[28] Целта на овие здруженија е да укажат на можните методологии или стратегии, да овозможат време, средства, независност и други ресурси за новинарите што поефикасно се занимаваат со истражувачките теми. Понатаму тие иницираат самостојни истражувачки проекти кои се објавуваат во рамките на посебни публикации, веб-страници и разни медиуми. Целта е објавување на што повеќе истражувачки новинарски стории, преку кои ќе се откријат она што одредени поединци, компании или организации сакаат да го сокријат од јавноста. Многу често развојот на ваквите центри за истражувачко новинарство е поддржан од невладиниот сектор. Кај најголемиот дел од новинарите во земјата постои разбирање од потребата за соработка со граѓанските организации кои во светот најчесто се и оние што го поттикнуваат развојот на истражувачкото новинарство. Анкетата покажа дека мнозинството новинари (74,2 %) велат дека соработуваат/разменуваат информации со граѓанските/невладини организации, додека само 18,4 % не го прават тоа.

**Дали соработувате/разменувате информации со граѓанските/невладини организации?**




Се чини дека **едно од можните излезни решенија од ќорсокакот во кој се наоѓа истражувачкото новинарство во земјава треба да се бара и во систематската поддршка на државата** што треба да се обезбеди за да се поттикне развојот на истражувачкото новинарство. Ова може да се стори преку формирање на посебен медиумски фонд. Овој фонд, преку соодветни критериуми и механизми на селекција и контроли би требало да ги подржува истражувачки настроените новинари и нивната работа.

[27] Глобална мрежа за истражувачко новинарство: www.gijn.org; BIRN-Balkan Investigative Journalism Network: http://birn.eu.com/ Центар за истражувачко новинарство – Bosna: https://www.cin.ba/; Центар за истражувачко новинарство – Srbija: https://www.cins.rs/srpski; Netnovinar – Хрватска: http://www.journalismfund.eu/author/sasa-lekovic.

[28] Независното здружение на новинарите во Србија основа Центар за истражувачко новинарство кој реализира проекти од областа на истражувачкото новинарство.

## Новинарство што нуди решенија (Solution jounalisam)

Новинарство што нуди решенија е ефективно новинарство кое е резултат на новото време, новите медиуми и барањата на новиот вид публика. Овој тип новинарство нуди идеи за решенија на различни општествени проблеми, а истовремено е приспособено и на потребите на корисниците на социјалните мрежи.
Историјата на новинарството ја потврдува тезата дека кризните општествени ситуации се исклучително погодна почва за квантитативен и квалитативен пораст на новинарството. Новинарството што нуди решенија се состои од три етапи. Првата етапа е истражувањето, односно трагањето за заднината на настанот чија цел е одговор на прашањата кој, што, каде, кога и како. Втората етапа е анализата односно сместувањето на настанот во поширок општествен контекст и одговор на прашањето зошто. Укажувањето на понатамошниот развој на настанот т. е. предвидувањето ја чини третата етапа и одговара на прашањето што понатаму. Дури се смета дека ова новинарство со помош на различните методи на истражувањето е одговор и на неефикасното дејствување на институциите кои бавно доаѓаат до решенија за општествените проблеми.
Ако се анализираат резултатите од истражувањето на перцепцијата на граѓаните за медиумите, **кај нас се чини сè уште не е создадена поволна клима за развој на новинарство што нуди решенија.** Имено, повеќе од половина од граѓаните (52,2 %) не очекуваат од новинарите во своите текстови да ги откријат причините за случувањата, појавите и настаните и да понудат решенија, туку само да информираат.

**Од новинарите очекувам (висок степен на знаење и) во своите текстови да ги откријат причините за случувањето/настанот/процесот и да понудат решенија**




- Да, очекувам во нивната работа да предложат решенија
- Не, не очекувам решенија, туку само информација
- Немам став
- Не знам/Одбива да одговори

Главната причина за ваквата перцепција на граѓаните за новинарството што нуди решенија, делумно се огледува и во одговорите на прашањето околу квантитетот на ваков вид новинарски текстови. Имено, за вкупно 62,4 % од граѓаните сметаат дека во домашните медиуми воопшто не постојат (15,3 %) или нема голем број текстови, анализи и осврти (47,1 %) што нудат решенија за одредени општествено-политички или економски проблеми, а само 24,7 % сметаат дека постојат вакви текстови.

**Дали во медиумите постојат новинарски текстови/ анализи/осврти кои нудат решенија за одредени општествено-политички или економски проблеми?**




- Постојат
- Не постојат
- Нема голем број вакви текстови/анализи/осврти
- Не знам/Одбива да одговори

Дел од објаснувањето за ваквата состојба во медиумите секако може да се лоцира во начинот на нивната организација и специфичната едукација на новинарите во одредени области (на пр., здравство, политика, економија, право, технички науки...). Имено, според исказите на анкетираните новинари, мнозинството од новинарите (76,7 %) не се специјализирани за известување/пишување и истражување во одредена област, односно паралелно работат во повеќе области, додека само помалку од една петтина од новинарите (17,2 %) работат во една област за која се специјализирани.

Од нискиот процент на новинари кои се специјализирани за известување/пишување и истражување во одредена област, скоро една третина (29,2 %) работат во областа на политиката, 20,8 % работат во областа на економијата, додека една осмина од нив (12,5 %) работат во областа на судството. На темите од областите на „корупцијата" и „организираниот криминал", кои се во фокусот на истражувачкото новинарство во развиените демократии и нивните медиумски системи, во државава работат само 8,2 % од новинарите, а на темите од областа на „здравството" само 4,2 % што може да се толкува и како поразителен и крајно нелогичен податок, со оглед на фактот што оваа област се однесува на здравјето и квалитетот на живеењето на сите граѓани.

**Дали сте специјализирани за известување/пишување и истражување во одредена област? Која?**



## Клучни наоди за новинарството што нуди решенија

- Вкупно над 86 % од новинарите во земјата сметаат дека нивна главна работа е да известуваат, пренесуваат информации и да ги презентираат аргументите на сите засегнати страни. Само 10,4 % од нив истражувањето го сметаат за главна новинарска работа, а занемарливи 0,6 % сметаат дека преку својата новинарска работа треба да предлагаат и решенија за општествените проблеми. Дополнително, само 17,2 % од новинарите се високоспецијализирани за одредена област, а над половина од нив (55,2 %) никогаш не учествувале во истражувачки тим. Ваквите податоци, јасно покажуваат **дека во нашата држава се преферира и практикува класичното, известувачко новинарство наместо истражувачкото и она што нуди решенија.**

- **Медиумите, се чини најмногу водени од сопствените политички и бизнис-интереси, како и сопствената претстава за тоа што е истражувачкото новинарство, декларативно го поттикнуваат, но во реалноста воопшто не вложуваат во неговиот развој.** Во редакциите не се практикува работа во тимови, не се вложува во натамошна едукација и усовршување на новинарите и уредниците, не се поттикнува нивната специјализација за пишување и истражување во одредени области, како што се корупцијата и организираниот криминал и не се обезбедува соодветна финансиска стимулација за новинарскиот кадар што, секако, е еден од битните фактори за развојот на истражувачкото новинарство, огромен процент, имено, 92 %, од новинарите сметаат дека нивната работа не е добро платена.

- **Новинарите во земјава немаат време, средства и други ресурси за практикување на истражувачкото новинарство.** До сега најголема поддршка за развојот на истражувачкото новинарство во земјава доаѓа од странство и од граѓанските организации. Успешни примери за ваква поддршка се проектите во чии новинарски тимови, со поддршка на институционални донатори од странство и граѓански организации, работат на истражувачки стории кои имаат цел да детектираат значајни општествени проблеми и да помогнат во наоѓање ефикасни решенија за нив.

## 4. ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Сознанијата од оваа истражување само ја потврдуваат тезата дека пред медиумите и новинарството во нашата земја се големи и тешки предизвици[29]. Довербата на граѓаните во медиумите и новинарите е исклучително ниска и е резултат на повеќе фактори. Доминира впечатокот дека новинарска професија е силно потценета и незаштитена. За развој на професионалното, а особено на истражувачкото новинарство, недостасуваат ресурси, но и волја, знаење и вештини.

За надминување на оваа состојба на домашната медиумска сцена, како и да се поттикне развојот на современо, професионално, а во тие рамки и истражувачко новинарство, **неопходна е национална стратегија.** Во конструирањето на стратегијата за медиумите во нашата земја мораат да учествуваат следниве структури: државата т. е. владата (преку надлежните министерства); сопствениците на капиталот, претставниците на новинарската професија, невладиниот сектор и научните институции.

Стратегијата треба да дефинира конкретни мерки во следниве клучни области:




[29] Оваа констатација е употребена и во вториот извештај на експертската група на Европската комисија предводена од Рајнхард Прибе: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf.

**1. Реформа на медиумското законодавство** – Реформата во медиумското законодавство мора да се базира на сериозна и детална анализа и јавна расправа. Регулативата треба да изгради медиуми иманентни на социјално-економските потреби на земјата и поставени на европските стандарди за медиуми. Особено внимание треба да се посвети на регулативата која треба да го зајакне јавниот сервис („МРТВ“), гарантирајќи ја неговата финансиска и уредувачка независност, овозможувајќи му да ја исполни својата значајна општествена улога.
Во овој правец особено се битни акциските истражувања и анализите на граѓанскиот сектор кои вклучуваат експертиза за приоритетни прашања за ефективна медиумска политика. Таква е, на пример, анализата под „Остварување на правото на слобода на изразување – теорија и практика“, исто така, дел од проектот „Истражувачкото новинарство чувар на демократијата и човековите права“. Оваа публикација детално го анализира правото на слобода на изразување и тоа преку: 1. разгледување на поставеноста на ова право во националната и меѓународната правна рамка, 2. прикажување на судската практика на националните судови, на Европскиот суд за човекови права и на Европскиот суд на правдата во врска со оваа материја и 3. унапредување на правната рамка со заклучоци и препораки.

**2. Едукација** – Со оглед на проширувањето на дефиницијата новинар, имено, секој може да биде новинар, без претходно образование, знаење и искуство, потребна е итна акција како од страна на професионалните новинарски здруженија така и од невладиниот сектор. Професионалните новинарски здруженија треба да нудат услуги од типот „правна канцеларија за новинари“ која би ги сензитивизирала новинарите и ќе дава правна помош во однос на низа прашања: за говор на омраза, клевета и навреда, заштита на лични податоци, заштита на авторски права итн.
Во овој правец треба да функционира и невладиниот сектор во чиј фокус е оваа проблематика. Од особено значење се проектите кои вклучуваат едукација на студенти по новинарство, млади новинари и искусни новинари. Ова неформално образование е солиден начин за надградба на знаењето и стекнување вештини, пред сѐ, за онлајн медиумите и формите на е-новинарство кои постојано се менуваат.

**3. Поддршка** – За практикување на истражувачкото новинарство, но и новинарство кое нуди решенија неопходна е директна финансиска поддршка, и тоа на новинарите и новинарските тимови од страна на медиумите кои претендираат својот рејтинг да го одржуваат со квалитетно новинарство. Исто така, потребна е поддршка од страна на државата за оние медиуми кои покажуваат интерес и волја за истражувачко новинарство и новинарство кое нуди решенија. Ваков тип поддршка треба да нуди и невладиниот сектор. Поддршката би можела да се состои од различни форми како, на пример: учество на истакнати медиумски професионалци во редакциските тимови, менторство, споделување на искуства и, секако, директна финансиска поддршка за креирање истражувачки стории, за што би можело да се формираат и одредени медиумски фондови.

**4. Промоција** – Медиумските здруженија, во соработка со граѓанскиот сектор, паралелно со суштинските промени, треба да работат и на позасилена и посеопфатна промоција со која ќе ги објаснат пред граѓаните концептите, значењето и улогата на современото новинарство, особено на истражувачкото, како и на улогата на медиумите во едно демократско општество. Перцепцијата за медиумите и новинарството во земјата најблаго кажано е неповолна. Иако таа е резултат на реални состојби, сепак, за да се поправи таа слика, неопходни се и активности кои спаѓаат во доменот на промоцијата и едукацијата на јавноста (граѓаните).

## Литература


- Пипа Норис, во Comparing Political Communicaton Theories, Cases and Challenges, Frank Esser, Barbara Pfetsch, Cambridge University Press, превод: „Академски печат“, Скопје, 2009;
- Štefan Rus Mol, Ana Jugoslava Zagorac Keršer, Novinarstvo, Clio, 2005;
- R. Keeble, The Newspaper Handbook , Routlege London and New York, 1994;
- Fleeson L., Ten Steps to Investigative Reporting , International Centar for Journalists, Washington D.C., 2000;
- N. Postman, Amusing Oureselves to Death: Public discourse in the age of show Bussiness, New York , Viking Penguin, 1985;
- Herbert, Practising Global Journalism, Focal Press, Oxford, Aukland, Boston, Johanesburg, Mellburn, New Deli, 2001;


## Документи


- Универзалната декларација за правата на човекот;
- Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права;
- Американската конвенција за правата на човекот;
- Европската конвенција за правата на човекот;


## Линкови


https://freedomhouse.org/report/freedom-world/2017/macedonia

https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf;https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2013/package/brochures/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia_2013.pdf

https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf

http://www.iri.org/sites/default/files/2017-9-18_macedonia_poll.pdf

http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_pazarot_na_audio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_za_2015_godina.pdf

http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec%281997%29020&expmem_EN.asp

http://www.newsweek.com/

http://www.lexpress.fr/

http://www.spiegel.de/

https://www.economist.com/

http://birn.eu.com/

https://www.cin.ba/

https://www.cins.rs/srpski

http://www.journalismfund.eu/author/sasa-lekovic

https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/2017.09.14_seg_report_on_systemic_rol_issues_for_publication.pdf